Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 14, точка 11, од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.7/06) , Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 12.11.2015 година донесе

**П Р О Г Р А М А**

**За активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2016 година**

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието,

-Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес,

-Планирање на развојот на образованието,

-Подобрување на условите за обавување на образовниот процес,

-Создавање услови за развој на високото образование.

II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на образованието во 2016 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Подигање на образовното ниво на младите и возрасните кои се надвор од образовниот систем и зајакнување на нивните стручни и социјални компетенции.

-Елиминирање на можноста од создавање на нови генерации на образовно-хендикипирани лица.

-Зголемување на можностите за отварање на дисперзирани студии за високо образование

-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование.

III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства на Министерство за образование и наука, од донации и од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2016 година.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори-заентересирани партнери, фондации, бизнис сектор и др.

IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

-обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес,

-зголемување на можностите за професионална ориентација,

-истражување поврзани со пороците на денешнината (дрога, алкохол и сл) и застапеноста меѓу учениците,

-анализа на податоците на ученици кои завршиле основно образование за задолжителноста за упис во средно образование.

V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-2975/11** **Совет на Општина Крива Паланка**
**12.11.2015 год.** **Претседател**
**Крива Паланка** **М.р.Борче Стојчевски**

| ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Активности | Рок | Носител | Министерство за образование | Сопствени приходи | Општина Крива Паланка | Др.извори и донации | Вкупно |
| 1. | Манифестации организирани од основните и средните училишта по разни поводи | тековно | училишта | | | 20.000 | | 20.000 |
| 2. | Организирана посета на културно-историски настани во градот | тековно | училишта | | | 20.000 | | 20.000 |
| 3. | Поддршка на талентирани ученици за учество на државни и меѓународни натпревари | тековно | Општина Крива Паланка и училиштата | | | 20.000 | | 20.000 |
| 4. | Стипендии за талентирани ученици и студенти | септември | Општина Крива Паланка | | | 695.000 | | 695.000 |
| 5. | Учество на општината во партнерски проекти | тековно | Општина Крива Паланка | | | 50.000 | | 50.000 |
| 6. | Реконструкција и уредување на отворени спортски терени и дворни места во училиштата | По утврдени приоритети | Општина Крива Паланка | | | 70.000 | | 70.000 |
| 7. | Осигурување на училишни објекти | | Општина Крива Паланка | | | 100.000 | | 100.000 |
| 8. | Обезбедување на училишни објекти | | Општина Крива Паланка | | | 1.781 800 | | 1.781 800 |
| | СЕ ВКУПНО | | | | | 2.756.800 | | 2.756. 800 |